УДК. 141. 32.

Мирко ЃОШЕВСКИ

# ПРАШАЊЕТО ЗА ЛОГИЧКИОТ СТАТУС НА ИЗРАЗОТ "ПОСТОИ"

## 1. Кантовото побивање на предикацијата на постоењето

Расправата за логичкиот проблем на поимањето на постоењето за прв пат е отворена, на начин релевантен за модерната логика, на страниците на кантовата *Критика на чистиот ум*. Повод за неа е побивањето на онтолошкиот доказ за егзистенцијата на божјето суштество што го презел Кант. Во што се состои смислата на ова побивање? Во одговорот на ова прашање ќе треба да се содржи и кантовиот став кон прашањето за карактерот на предикатот "постои".

Не ќе е без значење една претходна забелешка: Кант не го презел овој потфат од некакви атеистички побуди. Впрочем, тоа би било во колизија со основната интенција на целокупната негова филозофија. Тој само настојува да нѐ увери дека не сме во состојба, по пат на рационална аргументација, да ја оправдаме идејата за нужноста на божјата егзистенција, па колку и да му се чини таа неопходна на нашиот ум. Во целосната експозиција на овој доказ, како и за целосната кантова противаргументација, овде не се навлегува, туку се чини обид да се задржи вниманието врз оние места каде Кант го брани своето гледиште со образложението дека постоењето не може да се смета за некој реален предикат.

Она што го тврди доказот, а оспорува Кант, тоа е токму нужноста на ставот: "Бог постои", т.е. нужната припадност на предикатот "постои" кон субјектот "бог". Во што треба да се огледа таквата нужност и дали таа важи и за наведениот суд? За таква нужност, според Кант, се работи кај оние судови во кои не може да се укине предикатот без противречност во однос на субјектот. Таков би бил судот: "Триаголникот има три агли". Овде не смееме да го уништиме или отстраниме предикатот "три агли", бидејќи за субјект сме поставиле "триаголник". Противречност е да го тврдиме таквиот субјект без неговиот предикат. Нужноста од субјект-предикатската поврзаност е карактеристична за аналитичките судови. Но случајот не е таков со судовите во кои се тврди или одрекува некаква егзистенција. Кант прашува дали ставот: *"оваа или онаа ствар егзистира"* е аналитичен или пак синтетичен?[1]

---

[1]. I Kant, **Kritika čistog uma**. BIGZ, Beograd, 1976. str. 367.

При тоа се работи за било која ствар што ја признаваме како можна. Доколку овој став е аналитичен, тогаш со предицирањето на егзистенцијата кон стварта не сме ѝ придодале ништо ново на нашата мисла за стварта - нé уверува Кант. Во тој случај нашата мисла е или идентична со самата ствар или пак за една егзистенција претпоставуваме дека е составен дел на можноста, па изведувајќи ја егзистенцијата од внатрешната можност само сме направиле една бедна тавтологија, расудува Кант. Негов заклучок е дека единствено разумно решение е дека *"секој егзистенцијален суд е синтетичен"*.[2] (курзивно - М.Ѓ.). Со ваквата интерпретација е одбегната опасноста од настанувањето противречност доколку го отстраниме предикатот во овие судови, бидејќи таа особеност е карактеристична за аналитичките судови. Според тоа, за Кант, не би имало никаква противречност кон субјектот "бог" кога во споменатиот суд ќе го отстраниме неговиот предикат "постои.

Тогаш се поставува прашањето зошто оваа врска е сметана за нужна и зошто воопшто е сторен обид да се даде ваков доказ за неа? Кантово објаснување е дека изворот на оваа заблуда лежи во неразликувањето на еден *реален предикат* и еден *логички предикат*. Со реалниот предикат или одредбата на една ствар, придодаваме нешто ново кон поимот на субјектот, нешто што го проширува тој субјект, па според тоа, таквата одредба не може да се наоѓа внатре субјектот. Меѓутоа, како логички предикат може да послужи сé што се сака, па дури и субјектот може да се предицира на самиот себе си, бидејќи, логиката се апстрахира од секоја содржина. Така, како и да сме си замислиле некоја ствар - со било кои предикати, не сме ѝ придале никаква нова одредба ако уште додадеме дека таа постои. Значи, предицирањето на постоењето не го проширува нашето знаење за субјектот на судот, па не може да биде некаков стварен, туку само логички предикат. Неговата улога Кант ја определил на следниот начин: "Битието очигледно никако не е некој реален предикат, што би се рекло некој поим за што и да било што би можело да придојде кон поимот на некоја ствар. Тоа е само позиција на една ствар или на извесни одредби по себе. Во логичката употреба битието е само копулата на еден суд."[3] Од приведените зборови на Кант станува јасно зошто тој ја негира предицирливоста на постоењето како реален предикат. Таа за него не може да биде никакво својство на стварите, туку само го изразува логичкиот предикат со кој се служиме за да го поставиме субјектот во себе си со неговите одредби - реалните предикати.

Да се вратиме кон примерот на Кант: "бог е" или "бог постои". Со предикатот "е" односно "постои" само го доведуваме субјектот, поточно неговиот поим (со сите негови одредби) во однос кон неговиот предмет. Во горниот пример, како и во егзистенцијалните судови воопшто, тој однос е таков што поимот и неговиот предмет мораат да содржат апсолутно едно и исто. Затоа со предикатот "постои" воопшто не сме го прошириле поимот на субјектот "бог". Колку и да го замислуваме

---

[2]. Исто, стр. 368.

[3]. Исто.

овој поим како апсолутно даден или нужен за нашиот ум, од тоа не следува дека навистина сме го прошириле, т.е. дека сме му придале некој реален предикат кога го поставуваме тврдењето дека постои неговиот предмет, бидејќи: "она што е стварно не содржи во себе си ништо повеќе од она што е само можно."[4]

Па следува кантовиот ироничен пример со стоте талири за сметка на веродостојноста на онтолошкиот доказ. Стоте можни талири, според него, го означуваат *поимот*, а стоте реални талири се заправо неговиот *предмет* и позиција по себе си, затоа не е можно стоте реални талири да содржат во себе повеќе од сто можни талири, ако би било така, тогаш нашиот поим не би го изразувал адекватно својот предмет.

Разликувањето на поимното и реалното постоење, како видови на родот постоење - што го чини Д. Ван де Вејт во својот есеј за овој кантов проблем[5] - има клучно значење за разбирањето на главниот кантов противаргумент вперен против онтолошкиот доказ.

*Поимното* или уште *формално* или a priori *постоење* се изведува од начелото на противречноста. Така, поимот е секогаш можен доколку не е самопротивречен.

*Реалното* или *искуствено постоење* се изведува од највисокиот принцип на сите синтетички судови, принципот според кој условите на можноста на искуството се воедно и услови на можноста на предметот на искуството.

Сега се поставува пресудното значење: под кои услови ќе му придадеме постоење на предметот на еден поим? Па нека се работи и за таков поим кој за свој предмет го има божјето суштество како носител на сите совршенства. Врз основа на поимот го замислуваме предметот како согласен само со општите услови на емпириското познание. Додека, врз основа на постоењето тој се замислува како содржан во концептот на целокупното искуство.[6]

Откако со горните определби ја изградил својата позиција, Кант, со одговорот на поставеното прашање, му го задал решавачкиот удар на онтолошкиот доказ. А тој би се состоел во следното:

За да му доделиме постоење на предметот на нашиот поим, па нека содржи тој поим што-годе, мораме да излеземе надвор од поимот! Тоа "излегување" ќе го постигнеме едноставно кога се работи за поимите чии предмети се некои сетилни објекти, утврдувајќи ја врската на тој предмет со некоја од нашите перцепции, согласно емпириските закони. Значи, ова постоење го утврдуваме со познанието a posteriori. Но, кога се работи за утврдување на постоењето на објектите на чистото мислење (кон нив припаѓа и предметот на поимот бог) не сме во состојба со никакви средства да дојдеме до извесно познание на нивното постоење, па тоа ќе мора да се изведе исклучиво a priori. А токму овде Кант ги разоружува сите приврзаници на априорното познание на постоењето на било какви предмети, со својот став: "*нашата свест за*

---

4. Исто.

5. Види, D. Van de Vate, "Dali je egzistencija predikat", **Savremene filozofske teme**, 1-2/1969. str. 124

6. И. Кант, Критика чистог ума, БИГЗ, Београд, 1976. стр.369.

*секоја егзистенција* (било таа да произлегува непосредно од перцепцијата) *наполно му припаѓа на единството на искуството*"[7] (курзивно - М.Ѓ.). Значи, ни со апостериорното ни со априорното познание не сме во состојба да ја утврдиме нужноста на постоењето на едно такво суштество (кое е идеја на чистиот ум), бидејќи тоа лежи надвор од полето на единството на искуството. Затоа и не можеме да пружиме никаков валиден доказ за нужноста на божјата егзистенција. Вистина, Кант не сака некоја вакква егзистенција, надвор од полето на единството на искуството, да огласи за апсолутно неможна. Но, ете, таа ќе остане само една претпоставка која никако не можеме да ја оправдаме врз основа на моќта на нашето расудување.

На кантовото гледиште по прашањето за статусот на предикатот "постои" се осврнува И.С.Нарски. [8]) Тој прво му оддава признание на Кант за неговото јасно разликување меѓу реалното постоење на предметите и нивното поимно постоење, како и поради тоа што проблемот на реалното постоење се изведува надвор од границите на логиката. Критиката му се упатува токму на третманот на предикатот "постои". Според оценката на Нарски, Кант во крајна линија запаѓа во противречност со својата првична оценка за карактерот на предикатот "постои". А тоа се случува кога Кант го искажува своето мислење дека за утврдувањето на реалното постоење е потребно "излегување надвор од поимот". Но токму тогаш, смета Нарски, со тоа "излегување надвор од поимот" ние соопштуваме и нешто ново за самиот предмет. Предикатот "постои" нема да се однесува исклучиво на тривијалната констатација на постоењето на предметот, туку може да постане и реален предикат. А тоа го имаме во случајот кога вистинитоста на судот за реалното постоење на предметот ја утврдуваме апостериорно - врз основа на искуството.

Обидувајќи се да го побие и обезвредни онтолошкиот доказ, Кант всушност го зафатил логичкиот проблем за оправданоста на предикацијата на постоењето. Со одговорот дека постоењето не може да се смета за реален предикат, Кант постанува родоначалник на линијата на принципиелното негирање на предицирливоста на постоењето. Неговата линија ја следат Ремке, Брентано, Фреге и Расел, а последниве двајца се од особено значење за оваа расправа.

## 2. Фрегеовото толкување на постоењето како својство од втор ред

Кај основоположникот на модерната логика - Готлоб Фреге, прашањата за толкувањето на постоењето се изразени низ повеќе негови трудови. Во врска со прашањето за предикацијата на постоењето често се укажува на неговото дело *Основите на аритметиката*, поточно на неговиот кус коментар во врска со ова прашање, изложен во ова дело при крајот на есејот "Функцијата и поимот".[9]

---

[7]. Исто.

[8]. И. С. Нарский, Современый позитивизм, Академия наук СССР, Москва, 1961. стр. 156-157.

[9]. G. Frege, **The Foundation of Arithmetic**. Basil Blackwell, Oxford, 1959, str. 64 [e] - 65 [e].

Според коментарот на М. Муниц, главното упориште на Фреге во определбата на егзистенцијата е содржано во неговиот став дека таа е својство на поимите и тоа од второстепено ниво. [10] Се поставува прашањето: како треба да се разбере смислата на овој став и, во врска со тоа, како треба да се толкува положбата на предикатот "постои"?

Најнапред треба да се укаже на темелната разлика што ја прави Фреге меѓу *објектите* и *поимите*. Под еден посебен објект се подразбира она што е означено со еден сингуларен термин, а поимот пак е она што е предадено со некој предикатски израз. Значи, поимите се карактеризираат со нивните својства, па затоа, во математичка смисла, за Фреге тие претставуваат функции. Тој посебно ја подвлекува разликата меѓу својствата кои се тврдат за еден поим и карактеристиките кои го сочинуваат поимот, последниве се својства на стварите кои паѓаат под поимот, а не на самиот поим. [11]

Понатаму, за објаснување на предикацијата на својствата од прв и втор ред, ќе треба да се укаже на одредени фрегеови семантички ставови. Во простите *атомарни реченици* (составени од прости сингуларни термини и прости предикати) треба да се разликува името употребено за означување на некој индивидуален објект или личност од поимот предаден со предикатскиот израз и употребен за опис на оваа индивидуа. Така на пример, во реченицата "Сократ е бел" со името "Сократ" е означена личноста (објектот), а со изразот "е бел" е предаден предикатскиот термин кој го опишува Сократ. Ваквиот израз не означува никаков објект. Земена за себе, со изоставување на сингуларниот термин "Сократ", изразната форма "... е бел" е непотполна и служи само како место за аргументот, кој се исполнува со некој сингуларен термин (сопствено име) и ја дава потполната реченица. Таквиот предикатски израз бара свое дополнување со некој референцијален-објект израз, како во случајов - "Сократ". Овој тип изрази "... е бел" кои се исполнуваат за некој сингуларен термин ги претставуваат својствата од *првиот ред*. Додека, својство од *втор ред* ќе биде оној израз кој е поставен за некој објект. Со други зборови, еден предикат или својство од втор ред ќе биде оној за чиј аргумент се јавува еден предикат од првиот ред.

Сега се веќе поставени рамките за објаснување на фрегеовото толкување на поимот постоење. За него тој не може да биде ништо друго освен својство од некој степен (ред) на поимот од прв ред. Всушност, постоењето може да се предицира за поимите и само за поимите. Клучен фрегеов став е дека постоењето (егзистенцијата) претставува својство кое не стои за објектите за кои се употребуваат поимите (својствата) од прв ред. Постоењето може да се сфати само како поим (својство) од втор ред кое служи за поставување (исполнување) со некој предикат за поимите од првиот ред. Така, онтолошкиот доказ за Фреге е неодржлив, бидејќи се темели врз заблудата да се постави постоењето како предикат од прв ред, т.е. да

---

[10]. M.Munitz, **Existence and Logic**, New York University press, 1974. Str. 76.

[11]. G. Frege, **The Foundation of Arithmetic**. Цит. дело, стр. 64 [e].

важи директно за еден индивидуал. А всушност тоа се однесува на поимот (за бога), па согласно со горните определби е само својство од втор ред. Според тоа, со овој доказ не може да се изведе никаква нужност на некакво особено постоење.

Значајно е да се укаже на една фрегеова аналогија меѓу тврдењата на постоењето и бројот нула. Со примерот за негативна егзистенцијална реченица: "Не постои ниту еден четириаголен триаголник" Фреге смета дека се тврди својството ,четириаголен ' за поимот ,триаголник ' и тоа на таков начин што да го означува бројот нула.[12]

Во фрегеовата логичко-филозофска артикулација на прашањето за предикацијата на постоењето на извесен начин е препознатливо кантовото решение на ова прашање. Кај Кант постоењето се допушта само како логички предикат односно тоа не му дава никаква одредба на предметот на субјектот, туку само ја утврдува неговата поставеност со сите негови одредби (предикати во смисла на стварни). Видлива е терминолошката сличност: предикатот на предикатите (постоењето) кај Кант, кај Фреге е својство на својствата. Така на решавачкото прашање: дали постоењето е предикат? Фрегеовиот одговор би гласел: не, барем кога се работи за атомарните реченици и општите реченици од првиот ред каде што предикатите стојат само за индивидуали.

Најзначаен фрегеов придонес за логичкиот третман на прашањата на постоењето е неговото воведување на ***егзистенцијалниот квантификатор***. Со помошта на овој оператор е отворена можноста за новата интерпретација на егзистенцијалните реченици.

### 3. Раселовата формулација на логичкиот израз за постоењето

Ако Кант ја отпочнал расправата за логичкиот статус на изразот "постои", тогаш на Расел му припаѓа заслугата што успеал да му даде најпотполно толкување на ова прашање и да изгради современ логички израз за исказите на постоењето.

Логичко-онтолошкиот проблем чини значаен аспект на целокупното обемно раселово дело. Прашањата што овде се предмет на разгледување, повеќекратно се расправани низ неколку негови значајни трудови. Прашањето на битието и постоењето Расел го зафатил уште во студијата ***Принципите на математиката*** (1903) во поглавјето "Континуитетот на просторот", потоа во мошне извесната статија "За означувањето" (1905) за логичките проблеми на исказите на постоењето се нуди одредено решение во теоријата на дескрипциите, во темелното дело Principia Mathematica (1910) оваа идеја се подвргнува на натамошна разработка, конечно своите сфаќања на оваа проблематика ги рекапитулира во статијата "Логиката и онтологијата" (1957).

---

[12]. Исто, стр. 64[e].

Раселовото внимание го привлекло предицирањето на терминот "постои" во одредени случаи. Тој забележал дека употребата на терминот "постои" во некои изрази води до една антиномиска ситуација, која е позната како "парадокс на постоењето". Карактерот на овој парадокс може да се покаже врз примерот, кој во овој вид литература често се експлоатира:

1. "Пегаз не постои".

Утврдувањето на вистинитосната вредност на исказот овде не се јавува како проблем. Јасно, исказот е вистинит, бидејќи знаеме крилатиот коњ Пегаз стварно не постои, туку е продукт на старогрчката митологија. Но се прашуваме што всушност означуваме кога тврдиме дека не постои таков предмет каков што е "Пегаз"? Во наведениот пример "Пегаз" треба да означува еден непостоен предмет! Тогаш би можеле овој исказ да го изразиме и во следната форма:

2. "Пегаз е непостоен предмет".

Вистинитосната вредност на исказот е запазена, но што всушност ја потврдува вистинитоста на една ваква реченица, каква што е реченицата во случајот (2). На каков постоен факт или на која стварност ќе треба да се повикуваме кога треба да ја потврдиме вистинитоста на ваквите реченици. Да знаеме дека "Пегаз" навистина не постои, тогаш се поставува прашањето за каков предмет е искажана реченицата (1). Се чини, мора да се сложиме со мислењето дека Пегаз како-така мора да е, да постои, инаку, што е тоа што не постои никако? Доколку не прифаќаме никакво постоење на Пегаз, т.е. не му припишуваме никакво битие, тогаш изгледа дека и не можеме да кажеме дека него воопшто го нема. Но, како што ќе видиме, Расел одбива на ваквите изрази да им придава било какво битие, зошто тоа не му го дозволува водечкиот принцип на неговата филозофска размисла - Окамовиот брич, кој забранува непотребно умножување на ентитетите. Во спротивно, доколку се допушти некакво постоење на Пегаз, тогаш би биле принудени да го искажеме и парадоксалното тврдење:

3. "Пегаз постои како непостоен предмет".

Меѓутоа тврдења од таков тип - дека нешто едновремено постои и не постои - Расел најрешително одбива да прифати во својата логичка теорија.

Се наметнува прашањето: каде е изворот на оваа антиномиска ситуација во која запаѓа, како се чини, исправното расудување? Потеклото на парадоксот на предикацијата Расел го наоѓа во граматичката структура на обичниот јазик. Секој израз кој е граматички правилно составен поседува некаква смисла. Така и изразите како: "Сегашниот крал на Франција" или "тркалезен квадрат" секако имаат некоја смисла, бидејќи ние ги разбираме. Иако го задоволуваат критериумот на смисленоста, тие не задоволуваат еден друг критериум - критериумот на означувањето (денотацијата). Овие изрази заправо ништо не означуваат. Не може да се каже дека "сегашниот крал на Франција" или "тркалезниот квадрат" стојат за било каков предмет.

За разлика од изразите кои стојат за одредени објекти (stand for) тие имаат само еден вид употребно значење (meaning use) во одредени контексти. Бидејќи своето значење го добиваат само внатре одредени контексти, а не земени за себе, изолирано, Расел ваквите изрази ги толкува како непотполни (incomplete symbols). Меѓутоа, тешкотиите се јавуваат кога ваквите изрази претендираат на одредено значење штом се јават самостојно во одредени искази. Така реченицата: "Сегашниот крал на Франција е ќелав", Расел ја смета за лажна, а не за бесмислена со што едноставно би се отстранила. Заведени од граматичката структура на речениците од типот подмет-прирок, ни се замаглува разликата меѓу изразите кои имаат одредено значење и оние кои Расел ги сметал за непотполни симболи. Згора на тоа и традиционалната аристотеловска логика за сите такви реченици смета дека имаат заедничка логичка структура изразена во формулата: S е P. Потребно е да се изнајде нов логички израз со кој ќе се одбегне парадоксот на предицирањето, т.е. ќе се одбегне опасноста да им се придава самостојно значење на непотполните симболи.

Решението на Расел е содржано во неговата теорија на дескрипциите. Сепак, веднаш треба да се забележи дека оваа мошне сложена и значајна теорија не е мотивирана исклучиво со барањето на решението на овој проблем. Прашањето за статусот на предикатот "постои" е само еден од лепезата филозофски прашања покренати со оваа теорија.

Исказите во кои се тврди односно предицира постоењето за некој субјект, токму поради тоа што можат да содржат непотполни симболи, бараат прецизирање со кое ќе се разоткрие нивната соодветна логичка форма. Расел тоа го прави со преведувањето на овие искази во нивните дескриптивни изрази, бидејќи непотполните симболи не се вистински имиња, туку само еден вид прикриени дескрипции. Со примената на методот на дескриптивното изразување речениците: "Пегаз не постои" и "Сегашниот крал на Франција е ќелав" ќе гласат:

4. "Не постои ниту еден предмет таков каков што би бил коњ и што би бил крилат";
"Не постои ниту еден предмет таков каков што би бил сегашен крал на Франција и би бил ќелав".

За дескриптивната форма "таков и таков" ("the so and so") Расел изградил соодветен симболички израз, па така, ако сакаме да го изразиме исказот "тркалезен квадрат не постои", тоа ќе го сториме со следниот симболички запис:

"~E! (ɿx)(Φx)"[13],

Со зборови:

"Не постои x такво што x би го исполнувало својството Φ".

Потребно е да се оди уште чекор потаму од оваа пропозиционална форма за да се изрази логичката форма на ваквиот тип искази. Расел тоа го постигнува со преведувањето на наведените реченици во пропозиционални (стални) функции. Така, нашата реченица "Пегаз не

[13]. A. N. Whitehead and B. Russell, **Principia Mathematica**, Cambridge of University press, 1962. Str. 66.

постои" изразена како пропозиционална фукција (во една попрегледна нотација) го има следниот изглед:

5. $\overline{\exists}(x)[A(x).B(x)]$

каде –∃ – е знак за квантификаторот на постоењето, —— - е знак за негацијата, x - сврзана променлива, А - својството "коњоликост" и В - својството "крилатост".

Со зборови изразот ќе гласи:

6. "Не постои ниту еден предмет таков што би го имал својството коњоликост и својството крилатост,

или

7. "Лажно е дека при било кој предмет се совпаѓаат својството коњоликост и својството крилатост".

Конечно, станува јасно раселовото настојување наполно да го отстрани изразот "постои" од неговото место на предикат во субјект-предикатските искази. На тој начин, сега веќе постоењето не се изразува преку предикатот, т.е. не се предицира за било каков субјект, туку се изложува преку операторот за квантификација на постоењето и со него сврзаната променлива - со што се означува "предметот" или "она за што се мисли". Поинаку кажано, терминот "постои" - со прецизирањата што ги внел Расел - сега ја зазема положбата на субјектот во новиот израз. Дури, изразот "постои" може и сосема да се отстрани при читањето на формулата (5) како што е во случајот со реченицата (7). Затоа "Пегаз" повеќе не истапува во својство на субјект, па не се ни утврдува неговото не(постоење). Со помош на знаците за дескриптивните изрази и операторот на квантификација на постоењето субјект-изразот "Пегаз" се трансформира во своевиден предикат.

Со изложеното толкување на исказите на постоењето, Расел успеал не само да ја одбегне парадоксалноста што настанува при одредени случаи кога се тврди постоењето, туку постигнал и низа други предности. Со својата определеност против предицирањето на постоењето, нудејќи алтернатива во теоријата на дескрипциите, Расел засновува една од доминантните насоки во толкувањето на "постоењето" во современата логика. Така, М. Муниц говори за формирање на Фреге-Расел-Квајнова традиција во толкувањето на постоењето преку квантификационата теорија.

Мирко ГЁШЕВСКИЙ

## ВОПРОС ЛОГИЧЕСКОГО ПОЛОЖЕНИЯ ВЫРАЖЕНИИ ""СУШЕСТВУЕТ""

(Р е з ю м е)

В докладе автор рассматривает решение проблемы логического положения термина "существует" в работах Канта, Фреге и Рассела.

Проблема выдвинута Кантом, на страницах его Критики чистого разума. Опровергая онтологическое доказательство существовании бога, Кант приходит к уверению что слово "Сушествует" нелъзя считать реальным, а только логическим предикатом. В том принципиельным отрицанием предекации существовании его следуют Ремке, Брентано, Фреге и Рассел.

В решении Фреге существование трактуется как свойство понятиях. Но, в отличии от свойства объектов это свойство второго реда. Для высказивании существования Фреге выводит новый логический оператор: квантор егзистенции.

Конечно у Рассела логическое выражение существовании получает форму модерной сымволической логики. Он ползуется сымволами дескрипции и оператором егзистенциальной квантификации для трансформации субъекта "Пегаз" в предикат своего выда.